Јавно Комунално Претпријатие
БРЕГАЛНИЦА ПО
Бр. 0101-372/1
10.11.2020 год.
ДЕЛЧЕВО

Врз основа на член 23 од Законот за јавни претпријатија ("Сл.весник на РМ" бр.38/96), член 25 од Статутот на ЈКП"Брегалница"-Делчево бр.0101-121/1 од 19.04.2020 год. и член 17 и 26 од Законот за гробишта и погребални услуги ( Сл. весник на РМ" бр. 86/2008), директорот на ЈКП Брегалница-Делчево на ден 10.11.2020 година донесе:

**ПРАВИЛНИК**
**за начинот на управување користење и одржување**
**на мртовечницата (капелата) на градски гробишта во Делчево**

Член 1

Согласно Одлуката на Совет на Општина Делчево број 09-1597/1 од 30.09.2020 година со мртовечницата (капелата) на градските гробишта во Делчево управува и стопанисува ЈКП "Брегалница"-Делчево.

Член 2

Градската капела во Делчево како придружен објект на гробиштата има карактер на јавен комунален објект.

Член 3

Умреното лице по преземањето од местото каде што починало задолжително се превезува до мртовешницата (капелата) и се чува во ладилник се до неговото погребување (закоп).

Преносот на умреното лице до мртовечницата(капелата) се врши со специјално возило на операторот кој врши погребални услуги на територијата на Општина Делчево.

Прифаќањето на умреното лице во капелата се врши во секое време на денот во текот на 24 часа.

Член 4

Работното време на градската капела во Делчево е секој ден (Понеделник до Недела) од 07.00 до 15.00 часот.

Во градската капела се воведува дежурство во текот на 24 часа.

Член 5

Умреното лице се изложува на одар во посебна просторија во капелата определена за изведување на верски обреди и оддавање на последна почит два часа пред времето определено за закоп.

Палење на свеќи е дозволено само на место определено за таа намена.

Храна и пијалоци во градската капела можат да се внесуваат само во соодветна просторија за таа намена.

Член 6

Посмртните останки на лица умрени од заразни болести не смеат да се изложуваат на одар и истите се чуваат во капелата само во лимен ковчег кој не смее да се отвара на начин и услови пропишани со прописите за заштита на населението од заразни болести.

Член 7

Цената на услугата за користење на градската капела ја утврдува Управниот одбор на ЈКП"Брегалница"-Делчево и истата се применува по давање на согласност од страна на Совет на Општина Делчево согласно одредбите од Законот за јавни претпријатија.

Член 8

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

10.11.2020 год.

ЈКП Брегалница-Делчево
Директор
Стојче Стојковски